


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

АВГУСТ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Предизвиците пред глобалната економија остананаа и понатаму во текот на август. Централните банки ширум светот потребно е да бидат внимателни во своите одлуки, обидувајќи се да ја контролираат инфлацијата без да ѝ наштетат на економијата поради загриженоста за потенцијална рецесија. Глобалниот индекс MSCI ACWI во август оствари раст од 2,40% и од почетокот на годината бележи принос од 14,67%. Речиси сите регионални индекси остварија пораст, од кои најголем принос од 2,28% забележа американскиот индекс S&P 500, додека најмал раст од 1,33% за месецот имаа европските акции прикажани преку STOXX 600 индексот. Исто така, сите региони имаат остварено раст во изминатите осум месеци, при што најголем раст има S&P 500 индексот со принос од 18,42%, а најмал принос MSCI Emerging Market индексот кој ги опфаќа брзорастечките економии изнесувајќи 7,44%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 со раст од 1,15% во текот на август ја задржа позитивната низа. Од почетокот на оваа година достигна значителни 40,26%, најмногу предводен од банкарскиот сектор. Со најголем месечен раст од акциите компоненти на индексот е Стопанска банка – Скопје со раст од 9,90%, додека најголем пад забележаа акциите на ТТК Банка кој изнесуваше 5,02%. Од почетокот на 2024 година сите акции од индексот имаат значителен раст, најмногу се издвојуваат Комерцијална банка чија вредност се зголеми за 67,88% и Македонијатурист со 61,45%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ



На пазарот на обврзници во текот на месецот, приносите остварија намалување како резултат на намалените инфлаторни притисоци и грижата за рецесија, како и очекувањата за намалување на каматните стапки од страна на централните банки во блиска иднина. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 5,06%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,48%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

На девизниот пазар, руската рубља (RUB) оствари најголем пад во споредба со еврото (EUR) кој изнесуваше 7,41%, но сепак го задржа позитивниот принос од почетокот на оваа година кој е највисок споредено со останатите и изнесува 3,01%. Покрај неа, пад од 2,01% имаше и американскиот долар (USD) како резултат на најавите за намалување на каматните стапки од страна на ФЕД во текот на септември. Од друга страна, најголем пораст забележаа австралискиот долар (AUD) и швајцарскиот франк (CHF) со 1,32% и 1,22%, соодветно. Најголема загуба на вредноста од почетокот на 2024 година има јапонскиот јен (JPY) изнесувајќи 3,61%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk